Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

101 година

Број 549 www.mchamber.mk 10.11.2023




## ЕУ интегративниот процес и системскиот пристап за подигнување на конкурентноста на работната сила во рамки на Европската година на вештини

## НА 80% ИЗВРШЕНИ ГРАДЕЖНИ РАБОТИ НА АВТОПАТОТ КИЧЕВО – ОХРИД НЕ СМЕЕМЕ ДА ДОЗВОЛИМЕ ПРЕКИН ВО ИЗВЕДБАТА

## ПРЕД БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ВО КАВАДАРЦИ ОДРЖАНО БЕСПЛАТНО ПРЕДАВАЊЕ ЗА ПРОМОЦИЈА НА БЕНЕФИТИТЕ ОД МЕДИЈАЦИЈАТА

08.11.2023, Работилница
ИЗМЕНИ ВО НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО ВО ОДНОС НА ПОСТАПКА ЗА НИВНО ОДОБРУВАЊЕ И ДОДАТОЦИТЕ НА ИСХРАНА, ОЗНАЧУВАЊЕТО И ЗДРАВСТВЕНИТЕ ТВРДЕЊА

08.11.2023, Семинар
БЕСПЛАТНО ПРЕДАВАЊЕ НА ТЕМА: “ПРИДОБИВКИТЕ НА МЕДИЈАЦИЈАТА КАКО ЕДЕН ОД НАЈЕФИКАСНИТЕ НАЧИНИ НА АЛТЕРНАТИВНОТО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ”

22.11.2023, Семинар
“ТОП“ ФИНАНСИСКИ ФУНКЦИИ ВО ЕКСЕЛ

23.11.2023, Семинар
ВИДОВИ НА ДОГОВОРИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, РАБОТНИ ДОЗВОЛИ ЗА СТРАНЦИ, ИСПРАЌАЊЕ НА РАБОТНИЦИ ОД МАКЕДОНИЈА НА РАБОТА ВО СТРАНСТВО, ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА КАЈ РАБОТОДАВАЧОТ (ПРИМАРНА И СУДСКА ЗАШТИТА), ОТКАЗ ОД СТРАНА НА РАБОТНИКОТ, РАБОТНО ВРЕМЕ

28.11.2023, Семинар
ISO 21502:2020 – СТАНДАРД ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

28.11.2023, Семинар
МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?

29.11.2023, Семинар
НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ ФУНКЦИИ ЗА ФИЛТРИРАЊЕ, НАПРЕДНО ФИЛТРИРАЊЕ, ВАЛИДАЦИЈА, СРЕДУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ И ТЕКСТУАЛНИ ФУНКЦИИ

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## КОМОРАТА НА РАБОТНИОТ СОСТАНОК ВО БРИСЕЛ ГИ ПРОМОВИРАШЕ ДИГИТАЛНИТЕ АЛАТКИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ, ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ "SEEtheSkills"



Во рамки на Build up skills иницијативата на Европската Унија, се одржа работен состанок, од 25-27 октомври 2023 година, во Брисел, на кој учествуваше и македонски конзорциум, предводен од страна на Стопанската комора на Северна Македонија, како координатор на ЕУ проектот „Одржливи енергетски вештини во градежништвото: видливи, валидирани, вреднувани – SEEtheSkills". Овој проект "SEEtheSkills", Стопанската комора на Северна Македонија го реализира во партнерство со 10 партнери од 5 земји и тоа од Словачка, Словенија, Шпанија и Холандија, покрај Македонија.

На работниот состанок, 15-ти по ред, свое обраќање имаше Јадранка Аризанковска, проектен координатор на "SEEtheSkills" проектот, која пред присутните ги презентираше изработените дигитални алатки во рамки на проектот, и тоа:

- Регистар за серетифицирани работници
- Регистар за верифицирани обуки за енергетска ефикасност
- Регистар на комопании ки произведуваат енергетско ефикасни градежни материјали
- Алатка за претходно препознавање на вештини кај граджните работници и професионалци
- Web-страна за самооценување на објект, зграда (односно колкава енергетска ефикасност постигнува самиот објект, зграда и сл.).

РС Македонија е единствената земја од Западен Балкан која е дел од Build up skills иницијативата на Европската Унија, преку конзорциумот предводен од страна на Стопанската комора на Северна Македонија, кои со својот ангажман и посветеност, спроведоа 4 последователни проекти, отпочнати од 2011 година, од кои 3 проекти се успешно завршени со реализирани активности, освен последниот проект кој до средина на 2024 година ќе се финализира.

За оваа признаеност говори и фактот, што просторот кој е обезбеден во годишната брошура за истражување и развој на градежниот сектор е на ниво на земјите членки во Европската унија CORDIS, каде проектниот координатор, Јадранка Аризанковска, говори за резултатите од проектот "TRAINEE" - „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење" - "Toward market-based skills for sustainable energy efficient construction-TRAINEE".

„Подигнувањето на свеста беше критично. На пример, и покрај тоа што моделирањето на информации за згради (BIM) е клучна градежна иновација во светот, тоа беше малку познато во Северна Македонија. Откривме дека кратки сесии за обука со мали групи од 6-10, со помалку теорија и организирани како обука на работното место, се најефикасни. Така, развивме обука и предлог политика за нејзино воведување ", вели проектниот координатор Јадранка Аризанковска.

Со формирање на Центарот на знаење во Скопје, на компаниите им се овозможи пристап до сите каталози кои може да се користат при закажаните обуки, и со потпишување на меморандум за соработка со градежните компании, сите заинтерсирани, ќе можат да учествуваат на обуки за своите вработени.

,,За понатамошно зголемување на видливоста и побарувачката за ЕЕ, креиран е онлајн-пребарувачкиот регистар на сертифицирани работници и обучувачи на проектот. Тоа беше од интерес за сите, како основа за национален регистар на лиценцирани производители на обновливи извори на енергија, во согласност со Директивата за обновлива енергија", додава Аризанковска.

Согласно постигнатите резултати, проектот "TRAINEE" беше одбран да биде објавен од вкупно 30 проекти, како најиновативен од останатите, во делот на проекти кои работат за воведување и подобрување на дигитализација за енергетскат ефикасност.

Тимот на "TRAINEE" проектот, обезбеди продолжување на својата работа преку тековниот проект Horizon 2020 "SEEtheSkills" проект, со цел да се стимулира побарувачката за енергетски ефикасни градежни вештини преку нов пристап „3V" за да ја зголемува нивната видливост, валидација и вредност.



## Пред бизнис заедницата во Кавадарци одржано бесплатно предавање за промоција на бенефитите од медијацијата



На 08.11.2023 година во Кавадарци, во организацијата на Стопанската комора на Северна Македонија и Националниот совет за медијација со поддршка на Меѓународната финансиска корпорација-ИФЦ, групација на Светска банка, се реализираше уште едно од многуте бесплатни предавања за промоција на бенефитите од медијацијата. Од страна на д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска, потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија, претседател на Асоцијацијата за поддршка на медијација при Стопанската комора и национален координатор за медијација, беше подвлечено значењето од користењето на медијацијата, посебно за бизнис заедницата. Во услови кога фирмите можат и самите да си го олеснат работењето, преку растеретување на своите обврски, помагајќи на тој начин и на судовите со избегнување на долгите судски постапки, медијацијата е една од најефикасните алатки за тоа. Фирмите на тој начин ќе учествуваат во една постапка каде слободно, по сопствена волја и доброволно ќе ги решаваат сите сегашни и/или идни спорови со своите бизнис партнери притоа заштедувајќи пари, време и доверба.

На настанот учество земаа 30-тина учесници кои преку активна дискусија и прашања беа заинтересирани за примена на оваа ефикасна алатка за алтернативно решавање на споровите. Користејќи ја медијацијата компаниите ќе имаат многу пониски трошоци а со склучување на Спогодба во еден деловен однос можат да добијат извршност, односно Спогодбата која ќе ја постигнат во процесот може да има сила на извршна исправа доколку истата ја солемнизираат на нотар.

На предавањето, на сите учесници им беше поделена најновата Брошура за медијација во која е опфатена постапката на медијација во РСМ и во земјите од регионот која како специјално издание беше подготвена од Стопанска комора и испечатена со поддршка од ИФЦ токму за одржаната на 18.10.2023 година Регионална конференција за медијација во организација на Стопанската комора, Националниот совет за медијација и ИФЦ.

# НА 80% ИЗВРШЕНИ ГРАДЕЖНИ РАБОТИ НА АВТОПАТОТ КИЧЕВО – ОХРИД НЕ СМЕЕМЕ ДА ДОЗВОЛИМЕ ПРЕКИН ВО ИЗВЕДБАТА



Претседателот на Здружението на градежништво индустријата на градежните материјали и неметалите Андреа Серафимовски, при Стопанска комора на Северна Македонија заедно со министерот Благој Бочварски и деканот на Градежниот факултет проф. Горан Марковски, во емисијата 24 анализа на ТВ 24, говореа за деценискaта изведба на автопатот Кичево – Охрид, моменталната состојба на градежните активности на терен како и чекорите кои следуваат во наредниот период. Согласно методологијата на Црвен Фидик, според кој е потпишан договорот за изведба на овој проект, ризиците со кои се соочува изведувачот отпаѓаат на товар на инвеститорот, а согласно тоа постапките и проблемите со кои се соочуваат во делот на административното решавање одзеде многу време, вели претседателот на Здружениет Серафимовски.

Критичните точки предвидени во проектот претставуваа мостовите кои се завршени во 2019 година, сите ископи согласно динамиката на изведба предвидено беше да завршат во 2016та година доколку немаше никакви пропратни проблеми. Со потпишување на анкесот 2018 година се зголемија скоро двојно предвидените количини за ископ на двојно помал фронт за работа, не ги изостаувам дополнитњелните косини за изведба за кои е неопходна експропријација, сечење на шуми, каде со одлука на владата се забрза постапката за брзо административно решавање, затоа на одредени делници заостаната активноста - изјави тој.

Избрзаната одлука за отпочнување на градба на ваков проект каде проектантските недостаци го земаа данокот а за тоа е доказ долгогодишната изведба на овој проект, ги исрцпи домашните градежни компании во вид на дополнителни трошоци, време и преработка на проектот во целост при изведба. Домашните градежни компании како подизведувачи на главниот изведувач сеуште активно работат на траса.

- Тоа е 51% од работата да ги изведуваат домашните компании. Во моментов, таму има над 1000 луѓе кои директно или индиректно работат за изведувачот. После сите овие години, се работи за проект со безброј грешки и аномалии, проект во којшто се исцрпи нашето градежништво и кој донесе дополнителни трошоци на домашните компании - рече Серафимовски.

Огромнотот искуство со решавање на ваквиот тип проблеми ќе го подигне градешништвото на едно повисоко ниво со огромна подготвеност на капацитетите на градежните компании.



# ЕУ интегративниот процес и системскиот пристап за подигнување на конкурентноста на работната сила во рамки на Европската година на вештини




Европската Унија оваа година ја прогласи за Европска година на вештини со цел да им помогне на компаниите, особено на малите и средните претпријатија, да го решат недостигот на потребните вештини и да ја забрзаат конкурентноста на работната сила преку обезбедување квалитетно и посеопфатно образование и обука за сите жители. Преку процесот на доживотно учење се прават напори и да ги подобрат можностите да се инвестира во обуката и унапредувањето на вештините и компетенциите, вклучително и дигиталните и зелените вештини.

На денешната прес-конференција, која беше дел од циклусот „ЕУ интеграциите“, беше ставен акцент токму на предизвиците со кои се соочуваат и нашите компании поврзани со недостатокот на кадар со соодветни вештини, кој влијае на продуктивноста на компаниите и ја намалува нивната конкурентност, а со тоа влијае на севкупната економска состојба во земјата.

Според податоците на Евростат само 37% од возрасните редовно следат обуки за подобрување на своите вештини, додека бројката за учество на возрасните во обуки во нашата земја е уште поразителна и изнесува 2,5 %, изјави на прес конференцијата Наташа Јаневска, проектен менаџер во Стручната служба на Комората.

„Според сегашната состојба во ЕУ повеќе од 77% од компаниите пријавиле дека имаат потешкотии да најдат квалификуван кадар со потребните вештини, вкучително и дигитални вештини. Во 2021 и 2022 година, работодавачите се соочиле со недостиг на работна сила за 28 занимања, во неколку сектори, како градежништво, здравство, инженерство и ИТ, што покажува неусогласеност на понудата на пазарот на труд и зголемена побарувачка, како за висококвалификувани, така и за нискоквалификувани работници. Кога станува збор за дигиталните вештини, Индексот за дигитална економија и општество

покажува дека 40 % од возрасните и 33% (1/3) од вработените во ЕУ имаат недостаток од основни дигитални вештини, што значи секое 4 лице од 10 возрасните и секое 3 вработено лице во Европа немаат основни базични дигитални вештини“, истакна Јаневска.

Јадранка Аризанковска, советник за ЕУ интеграции во Кабинетот на претседателот на Комората, посочи дека Стопанска комора во континуитет работи на подигнување на вештините за потребите на нашите компании.

„Градењето на капацитети на работната сила е клучен сегмент во создавање на конкурентна економија, и имајки предвид дека и Европската комисија ја има детектирано потребата од континуиран процес на зголемување на капацитетите на работната сила согласно новите трендови. Најави дека финасирањето на проекти во оваа област ќе продолжи  и во следните програми на ЕУ. Како Стопанска комора континуирано од 2011 година сме вклучени преку проекти  во програмата на ЕК за Поддигање на вештините во градежниот сектор во рамки на Build up skills иницијативата на ЕК“, истакна Аризанковска.

**Меките вештини во фокуот на ЕУ**

Во фокусот на ЕУ се и меките вештини. До 2030 годинатие ќе сочинуваат 2/3 (две третини) од сите работни места кои придонесуваат за раст и одржливост на компаниите: (критичкото размислување, решавање на проблеми, аналитички вештини, емоционална интелигенција, вештини за корпоративна одговорност за преземање одговорност за грешките и успесите во компанијата; креативност и иновативност; вештини и способности самостојно да учат и како да учат во текот на животот за лесно да се прилагодат на промените; комуникациски вештини, лидерски вештини и способности за донесување одлуки; тимската работа и вештини за управување со проекти; вештини за обработка на податоци и предвидување; вештини за прилагодување на промените и прифаќање на предизвиците во услови на брзо и динамично опкружување (отворен ум за нови решенија).

Најмалку 80 % од возрасните лица во ЕУ до 2030 година да имаат барем основни дигитални вештини

Поседувањето новите вештини на луѓето бара и пофлексибилно образование и обука и учење во текот на целиот живот. Според тоа, во рамките Европската година на вештини се усвоија социјалните цели за 2030 година според кои најмалку 60 % од возрасните лица би требало да учествуваат во обуки, вклучувајќи 60 милиони за нискоквалификувани возрасни лица и 40 милиони за невработени лица.

Во однос на дигиталните вештини, најмалку 80 % од возрасните лица во ЕУ до 2030 година да имаат барем основни дигитални вештини во насока на остварување на целта - постигнување стапка на вработеност од најмалку 78 % од населението на возраст од 20 до 64 години до 2030 година.

За да се остварат овие цели, Европската комисија ќе продолжи да го промовира и поддржува стручно образование и обука (СОО), бидејќи  нуди можности на луѓето од сите возрасти да ги  развиваат и унапредуваат  на вештините за нивниот личен развој и кариера, и како и можност да  одговори на економските, климатските и социјалните предизвици на денешницата и на иднината. Но зголемувањето на барањата за вештини и компетенции и постојаното менување на квалификациите на сите квалификациски нивоа влијае на системи за стручно образование и обука во Европа да станат флексибилни за да можат брзо да одговорат на краткорочните економски барања.



**Каква е состојбата со вештините на работната сила во РС Македонија како кандидат за членство во ЕУ?**

Оваа проблематика кај нас ја следи АВРМ преку годишна анкета за потребите од вештини на пазарот на труд. Преку анкетата се обезбедуваат краткорочни показатели за очекувањата на работодавачите во однос на новите вработувања и потребите од вештини со кои треба да располагаат лицата за да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

Резултатите од анкетата се основа да се креираат активните програми и мерки за вработување кои имаат цел да ги подобрат вештините на невработените лица и нивно побрзо вработување, но помагаат и на  образовниот систем при дизајнирањето на уписната политика и креирањето нови образовни програми според потребите на пазарот на труд.

„Стопанската комора, исто така подготвува анкети за потребните вештини на пазарот на труд. Според последната спроведена Анкета за потреба од вештини, 60% од работодавците се соочиле со одредени тешкотии при обезбедување на соодветен кадар за пополнување на слободните работни места од различен тип на квалификации: програмер, машински инженер, градежен инженер, доктор по општа медицина, информатичар, инженер технолог, машински техничар, медицинска сестра, градежен техничар, електротехничар, келнер, готвач, бравар, пекар, возач на товарно возило, заварувач, стаклар, металостругар, лимар, кројач, ракувач со градежни машини, оператор на CNC-машина и др. Најчести причини за тешкотиите во обезбедување на потребниот кадар е недостатокот на вештини практични знаења кај кандидатите, недостатокот на кандидати со соодветно образование и работно искуство, недостаток на кандидати кои би прифатиле работа за понудената плата, недостаток на мотивација кај кандидатите“, вели Јаневска.

Податоците од овие анкети, исто така се основа за креирање на мерките за вработување во Оперативниот план за вработување.

Дополнително, Комората нуди и обуки за квалификации и вештини на барање на компаниите преку процесот на преквалификација и доквалификација и започна активности за подигање на свеста за зелените вештини.

Во рамките на формалното образование, активно е вклучена во поддршката на дуалното образование и во креирањето на трансферзалните и зелените вештини преку учеството во дизајнирањето на образованите програми.  Ја подобрува соработката со компаниите, бидејќи тие најдобро знаат кои вештини им се потребни што е една и од целите на Европската агенда за вештини.

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




Работилница
08.11.2023

# ИЗМЕНИ ВО НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО ВО ОДНОС НА ПОСТАПКА ЗА НИВНО ОДОБРУВАЊЕ И ДОДАТОЦИТЕ НА ИСХРАНА, ОЗНАЧУВАЊЕТО И ЗДРАВСТВЕНИТЕ ТВРДЕЊА

Стопанската комора на Северна Македонија, на 8 Ноември 2023 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Додатоци на исхраната, нивно означување, здравствени тврдења како и измени во националното законодавство во однос на постапката за нивно одобрување и пуштање во промет".

На оваа онлајн работилницата ќе се појаснат термините додатоци на исхраната, храна за посебна нутритивна употреба, храна збогатена со витамини и минерали односно посебни видови на храна, нивно правилно и потполно означување (декларирање) пред пуштање во промет.

Ќе се разговара за одобрени нутритивни и здравствени тврдења во комерцијални цели во однос на посебни видови на храна и нивно рекламирање, презентирање и претставување на пазарот согласно Закон за безбедност на храна.

Работилницата посебен фокус ќе стави на информирање на слушателите за новите измени на Законот за безбедност на храната, а ќе биде претставен новиот начин на одобрување на додатоците и посебните видови на храна за ставање во промет на пазарот, како и потребните документи потребни за одобрување на овој вид производи.

Предавач:
ТАЊА РИСТЕВСКА- дипл.земјоделски инжинер, стручен соработник при контрола на додатоци на исхрана и нивно презентирање, претставување и рекламирање за комерцијални цели.

Контакт лица:

| | |
|---|---|
| м-р Анита Митревска | м-р Михајло Донев |
| ++ 389 2 3244057 | ++ 389 2 3244067 |
| anita@mchamber.mk | Mihajlo@mchamber.mk |



Семинар
28.11.2023

# ISO 21502:2020 – СТАНДАРД ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

Стопанската комора на Северна Македонија на 28 ноември 2023 година (вторник) организира специјалистички еднодневен „он-лајн" семинар на тема: ISO 21502:2020 – СТАНДАРД ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ.

Повеќето организации се повеќе или помалку се базирани на аплицирање на проекти. Успешното управување со проектот е од суштинско значење за добивање на поголема ефикасност и подобри резултати од истиот. Проектите не се рутински операции, туку вклучуваат уникатни задачи неопходни за постигнување на една единствена цел. Често, проектната работа вклучува членови од различни профили и области и се формираат неколку различни тимови со цел успешното завршување на проектот, што може да означи голема пресвртница за понатамошното работење и развој на една организација. Со цел да се насочаат проектите кон постигнување на бенефите раководењето со проекти ги користи потребните знаења, алатки, вештини и техники од сите расположливи ресурси.

Статистиката покажува дека:

Само 58% од организациите ја разбираат вредноста на проектниот менаџмент;
Само 2,5% од претпријатијата успешно/100% ги завршуваат своите проекти;
55% од проект менаџерите пречекорувањето на буџетот е причина за неуспехот на истиот;
Недостатокот на јасни цели е причина за 37% од неуспешните проекти;
44% од проектите не успеваат поради недостаток на усогласување помеѓу деловните и проектни цели;
75% од проектите пропаѓаат бидејќи менаџментот и раководство не се вклучува активно;
57% од проектите не успеваат поради лошата комуникација на членовите вклучени на проектот.

Контакт лица:

| | |
|---|---|
| м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова | м-р Михајло Донев |
| ++ 389 2 3244074 | ++ 389 2 3244067 |
| beti@mchamber.mk | Mihajlo@mchamber.mk |

**Семинар 28.11.2023**

# МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?

Во услови кога голем број компании се соочуваат со недостиг од квалификувани и мотивирани вработени, евидентна е потребата од нови начини за мотивација и задржување на постоечките и новите членови во тимот. Перцепцијата на компаниите е дека новите вработени доаѓаат со работни навики и барања од менаџментот кои се "нелогични" и неоправдани, дека ги мотивира само платата и условите на работното место, дека лесно заминуваат за подобри услови. Од друга страна пак, лицата кои бараат вработување, особено младите, имаат перцепција дека во компаниите сеуште се применуваат застарени принципи на организација и раководење, дека недостига грижа за вработените, особено при воведот на работното место и вклопувањето во работната средина.

Новите генерации вработени, особено најновата тн. Gen.Z, (родени во периодот 1997-2012), имаат поинакви очекувања и потреби од работното место од оние на претходните генерации. Оваа нова Gen Z е порасната во ерата на интернетот и социјалните медиуми, со брз пристап до информации и очекувања за исто така брза примена на новите технологии на работното место. За многу компании со воспоставени системи на управување се очекува авторитетот да дојде од позицијата, а не од компетенциите на личноста на таа позиција, што креира средина во која новите, млади лица не се пронаоѓаат или не остануваат долго.

За таа цел Стопанската комора на Северна Македонија на 28 ноември 2023 година организира семинар на тема: „МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?". На интерактивниот семинар ќе бидат споделени увидите од неколку интернационални студии и истражувања на оваа тема, како и искуствата на консултантите од работата со компаниите во Македонија и регионот. Низ интерактивните сесии ќе истражиме како овие концепти може да се применат во вашата компанија.

Контакт лица:

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk



**Семинар 13.12.2023 - 22.12.2023**

# Практичен курс - водич за успешна продажба преку социјалните мрежи INSTAGRAM – КАКО АЛАТКА ЗА ПРОДАЖБА

Постојат околу 2 милијарди корисници на Инстаграм во светот. 90% од нив следат барем една компанија на Инстаграм. Само поради ова, се плаќа за да се создаде профил за вашата компанија со апликацијата Instagram. Но, дали знаете дека можете да го преземете вашиот бизнис чекор сами и понатаму да почнете да продавате на Инстаграм?

На овој курс ќе научите како да креирате бизнис профил и да продавате на Инстаграм или преку Инстаграм користејќи други платформи.

Економските трендови во земјата и светот покажуваат дека социјалните мрежи како Инстаграм стануваат водечки платформи не само за дружење, туку и за добри бизнис потези, односно продажба на производи.

Всушност, повеќе од 25 милиони бизниси го користат Instagram за промовирање на нивните услуги, и ќе има сѐ повеќе од нив бидејќи Instagram е најбрзо растечката социјална мрежа.

Инстаграм е една од најдобрите 4 социјални мрежи со најголем број корисници.

За да го олесниме вашето патување во продажбата на Instagram, подетално го подготвивме овој курс, чекор по чекор како водич. Нашата цел е да одговориме на сите прашања кои би можеле да ги имате додека го започнувате процесот на продажба на Инстаграм, оттука Ве покануваме да земете учество на четиридневниот курс за INSTAGRAM – КАКО АЛАТКА ЗА ПРОДАЖБА, кој ќе се одржи во декември (13, 14, 20 и 21 од 9:00 до 12:00 часот), во Стопанска комора на Северна Македонија, сала 1 на 5-ти кат.

Контакт лица:

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk



СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
TÜV NORD
ISO 9001:2015
Ваш деловен соработник
во светот на бизнисот
Посетете:
www.mchamber.mk
Ве очекуваме!
http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia
101
години
Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088